МКД “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ” од Крањ- Словенија
Цеста 1. Маја 5 - 4000 Крањ - Словенија - Тел / Факс: 064 326 969

# НАШЕ СОНЦЕ

## СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА

Света маченица Злата Мегленска станала симбол на отпорот против турскиот поробувачи пример за одбрана на христијанската вера.....

## ПОСТОТ КАКО УСЛОВ НА НАШЕТО ПОСТОЕЊЕ

Телесниот пост ги умртвува нашите страсти, а без духовниот пост би бил ништожен телесниот пост. Многумина постат со телото а не со душата. Многомина се воздржуват од храна, но не и од лоши мисли. Каква полза имаат од тоа? Правилен и вистински пост е воздржување од секое зло.

...Причест се прави откако верникот ќе се исповеда. Ова е најважен чин пред да се подготви верникот да прими причесна....

## ИНТЕРВЈУ СО ГОСПОДИН ГЛИГОР КАЛИНСКИ - ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МКД “Св. КИРИЛ и МЕТОДИЈ” од Крањ

## ТРАДИЦИОНАЛНО ПРОСЛАВЕНА “СТАРА НОВА ГОДИНА -ВАСИЛИЦА”

## ПАТУВАЊЕ ВО ГЕРМАНИЈА

За време додека чекавме на ред за настап со големо внимание го очекувавме настапот на другите фолкористи, а посебно бев водушевена од настапот на нашите две друштва. Од нашите Македончиња, кои се родени во Германија, бев посебно изненадена - тие од се срце играа и пееа македонски песни и ора.

## ВЕЛИГДЕНСКА БОГОСЛУЖБА

во Крањ, на Велигден, на 11. Април 1999 (недела) во 8.30 часот во црквата Богородица Роженвенска

Кириле и Методие, молете ГО Господарот на сите, да ги утврдите сите словенски Како рамни по карактер на апостолите и учители на словенските страни. Богомудри народи во православие и едномислие, да го смири светот и да ги спаси нашите души.

ТРОПАР НА СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈА

# НАШЕ СОНЦЕ

МКД "Свети Кирил и Методиј" од Крањ

Цеста 1. Маја 5 - Крањ

Тел / Факс : ( 064 ) 326-969

Година: 1999

БРОЈ : **3**

## Членови на секцијата:

- Билјана Миленкова
- Наташа Постолова
- м-р Илија Димитриевски
- Атанас Продански
- Зеќирија Шаиноски
- Зоран Продански

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:

Зоран Продански

СТРУЧНА ПОМОШ:

мг. Илија Димитриевски & Атанас Продански

Печатено во :

Сава Крањ

**Драги читатели**

Ве молиме за соработка со ваши мислења, ставови и погледи. Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во друштвото за да бидат објавени во наредниот број.

# СО ГОЛЕМА ПОЧИТ ДО СИТЕ НАШИНЦИ ВО Р. СЛОВЕНИЈА

Почитувани и ценети Македонки и Македонци.

Ќе ве замолам да го прочитате ова писмо повеќе пати за да размислиме како и зошто го заборавивме нашиот мајчин - македонски - јазик и зошто се повеќе се оддалечуваме од македонската православна црква. Иако се уште немаме своја црква, но и таму каде што имаме можност да се собереме на богослужба, нас не има се помалку и помалку.

Почитувани и ценети нашинци, јас како прво би започнал со програмата на нашето и вашето МКД "Свети Кирил и Методиј" Крањ. На сите ни е познато дека нашето македонско друштво активно започна со работа од 1992 година. До сега многу пати има приредено и организирано културна македонска програма, не само во Р. Словенија, туку и надвор од границите на Словенија.

Ќе се потрудам накратко да ви ја објаснам програмата на МКД "Свети Кирил и Методиј". Прославата на "Стара Нова година" т.n. "Света Василица " традиционално ја прославуваме во мензата na Искра - Тел, со македонска музика која доаѓа од Македонија, а воедно имаме и настап на нашите фолкористи. Тука е и лотаријата со голем фонд на награди. Забавата обично трае се до утринските часови.

Македонската културна манифестација "Денови на св. Кирил и Методиј" што започнува кон крајот на месец мај посветена е на светите браќа Кирил и Методиј - недела на македонската култура .

Првиот ден во сабота се одржува годишно собрание со богата културно-уметничка програма, каде прво земаат учество учениците кои ја посетуваат дополнителната настава по македонски јазик и национална култура во Р. Словенија, потоа следи настапот на фолкорната, драмската и рецитаторската секција. Во продолжение на програмата следува квиз - натпревар на тема "Колку ја познаваме нашата татковина Р. Македонија" каде земаат учество наши сонародници, односно ученици од Љубљана, Целје, Крањ и други градови од Р Словенија. Потоа следува ликовна изложба на современи македонски ликовни уметници.

Во неделата се организира турнир во мал фудбал а на сите присутни спортисти и гости им нудиме богат асортиман на јадење, печење и пијалоци.

Во понеделник и вторник е предвидено предавање на тема за македонскиот јазик и историјата на македонскиот народ од истакнати македонски професори од Љубљана.

Во средата се организира брзопотезен шаховски турнир. Учествуваа голем број љубители на оваа древна игра. Главен спонзор на шаховскиот турнир е фирма "Зебра".

Петок е предвиден за настап на фолклорните секции од македонските друштва во Словенија и гости од Македонија со богат репертоар на македонски народни игри и песни.

Во сабота вечер беше заклучна вечер на "Мајските денови" со богата културно-уметничка програма во мензата на "ИскраТел" Лаборе,со слични трошкови како и за "Стара-Нова година-Василица".

Кон крајот на месец јули една година настапуваме со комплетна програма на македонските фестивали на народни игри и песни (пример: Илинденски денови - Битола, Скопско лето и средби со некои македонски КУД kako една средба со Татковината). Поточно кажано овие наши настапи се организирани наизменично - една година во Р. Македонија, а една низ Европа (настап на некој фестивал што го организираат наши сонародници и македонски друштва ширум Европа), kako пример ќе го наведам "Хановер 98", Германија .

Во август се организира пикник по повод "Голема Света Богородица" - еден од поголемите христијански празници. Кој го прославуваме онаму каде ќе добиеме простор од општинските власти а се надеваме традиционално дека ќе продолжиме со оваа прослава секоја година во "Стари Град" - Шкофја Лока.

Почитувани Македонки и Македонци! На сите кои ќе го прочитате ова писмо, нека ви остане во трајно сеќавање, какви се нашите напори и што се правиме за зближување на сите Македонци во Р. Словенија. А понекои нашинци мислат дека имаме материјална корист. Дојдете и сами ќе се уверите дека ние работиме само волонтерски, односно од патриотска побуда. Затоа, почитувана македонска младино, која живееш во Словенија,

најмногу на вас ви се обраќам. Ве поканувам, да дојдете да се дружите со вашите врсници, кои веќе одамна работаат во повеќе секции во нашето друштво. Ве убедувам дека нема да погрешите и немојте да се срамите пред никого, кога ќе се претставите како Македонци, зашто тоа име е најстаро во светот и датира уште пред неколку илјади години. Запишано е во Библијата, античката и денешната историја. Држава каде се родени дејци, кои и соседните држави би сакале да ги имаат, и меѓу себе повеќе пати водиле војни за да го присвојат оноа што многу држави, и тоа поголеми држави, го немаат.

Драги младинци, дозволете ми да ја спомнам глаголицата и кирилицата, Охридскиот универзитет, кој постоеше пред илјада и повеќе години и тогаш имал три илјади студенти кои од таму ја проширија сесловенската писменост и припомогнаа при ширење на христјанската вера низ цела Европа. Ако се подсетиме, апостол Павле на патот од Јерузалим до Рим свратил во Солун, односно во Македонија и тамо прв пат им разкажал на Македонците како да се молат на Исус Христус. Од тука започнува христјанизирањето на Европа. Да ве потсетам само за Александар Македонски кој успеал да стигне со своите војници до реката Нил а после како и заслугите на Филип 2. Големото Самоилово царство што настана во почетокот на деветиот век, да ги набројам: Гаврило, Ратомор, Петар Делјан, Ѓорѓи Војтех, до Волкашина, Углеша, па Марко Крале, Карпош од Беровско, Гоце, Даме, Ѓорче, Сандански, Влахов, Брашнаров, Ченто, преку националните преродбеници до денес, па до милион гробови на познати и непознати јунаци.

Вие потекнувате од нација која им даде писменост, култура и религија на сите Словени во Европа. Сеќавајќи се на Свети Кирил и Методиј, па Свети Климент и Наум Охридски, словенската писменост, култура и религија или да се вратиме на нашето подалечно и поблиско минато, да Ве потсетам на Григор Прличев и на неговата поема "Сердарот" што многумина го споредуваат со Хомер, Миладиновци, Жинзифов, па основоположниците на современата литература: Кочо Рацин, Антон Попов, Н. Ј. Вапцаров, Коле Неделковски и други. Еве уште еден повод да не се срамите од никого зошто корените ви потекнуваат од најстарата нација на Балканот. Можете да имате и сопствена корист по завршувањето на средното училиште, а повеќето од вас размислуваат за ваша поголема наобразба, односно завршување на некој факултет, па само да напоменам дека во Љубљана предаваат македонски професори, кои можат во нешто да ви помогнат.

Почитувана маладино, после пет или десет години сигурно ќе отворите дебата со вашите словенски врсници кој и од каде е? Би претпоставил дека ќе зборувате за природните убавини на вашата татковина. Се прашувам и ве прашаувам вас, за која татковина ќе зборувате? Сигурно претпоставувам дека ќе го пофалите Бледското Езеро,а не нашите бисери како: Охридско, Преспанско, Дојранско Езеро. Можеби ќе го пофалите Триглав, а не Кораб, кој не застанува ни метар по висината од Триглав. Или за Мартин Крпан, а не Крале Марко кој е опеан во стотици песни не само во Македонија, туку и во соседните држави. Сигурен сум во тоа дека кај вас ќе остане голема патриотска празнина што не ќе можете да ја дополните, дури тогаш ќе разберете дека Словенија никогаш не може да биде вистинска мајка, туку само добра маќеа.

А за сите вакви празнини со право еден ден ќе ги осудите вашите родители кои не ја исполнија светата родителска и својата патриотска должност. Пасивноста и незаинтерсираноста на вашите родители кое е голем допринос за вашето асимилирање, односно одродување од македонската бит.

Македонска младино, вие кои имате голема желба за патување и за откривање нови градови, дојдите и придружите ни се во некоја од секциите при нашето МКД.. Можете да ја прошетате Европа или Македонија, како фолкорната секција што направи во 1997 година. Од Скопје, Тетово, Гостивар, Маврово, по кањоните на Радика, манастирот "Свети Јован Бигорски", Дебар, Глобочица, Струга, Охрид, Преспа, Битола па до вашите дедовици, роднини и пријатели. И затоа апелирам до сите младинци поактивно и помасовно да се вклучите во нашите секции и во македонското училиште за дополнителна настава во сите градови каде што не има.

*Со голема почит до сите вас,*
*АТАНАС ПРОДАНСКИ, претседател на*
*МКД "Свети Кирил и Методиј", Крањ*

# ПАТУВАЊЕ ВО ГЕРМАНИЈА

Седиме во домот на Стражишче каде што имаме ние фолклористите секоја сабота проба и меѓу себе разговараме какво ќе биде нашето патување во Германија. Поканети сме од нашите Македонци од Хановер, Германија. И така на 13. 6. 1998 година, во раните утрински часови тргнавме од Крањ за Германија.
Некои во автобусот разговараа, некои спиеа, некои пееа, некои се восхитуваа на природните убавни што ги гледавме од автобусот. Со големо нетрпение сакавме што побргу да стигниме до Нирнберг, Германија каде беше нашето прво преночиште. Кога ја поминавме словенечко-австриската граница, нашата напнатост беше се поголема, затоа што бевме се поблизу до целта. Патот врвеше брзо, некаде правевме паузи за одмор и појадок. Ја разгледнувавме околината и повторно влегувавме во автобус за да го продолжиме нашиот пат.
Конечно пртистигнавме во толку очекуваното место - Нирнберг. Кога излеговме од автобусот, срдечно бевме пречекани од претседателот и членовите на МКД од Нирнберг, а потоа не одведра во паркот, каде поред македонскиот клуб имаше и шпански, турски, француски, италијански и други клубови. Од сите клубови се вее знамињата на нивните држави, мегу нив се вееше и македонското знаме, што претставуваше најголема гордост за сите Македонци. Домаќините топло не примија и не послужија со пиене и јадене. Пријатно бевме примени и од другите друштва, особено од францускето друштво кое повеке пати извикнуваше Мацедонија, Мацедонија, Мацедонија! За жал, почна да врне дожд. Но дождот не беше пречка на запознавање со нашите македонски врсници кои се исто така родени далеку од Македонија.
Стигнавме во младинскиот хотел каде бевме сместени. Заедно со новите пријатели се собравме во една соба за да се договориме каде да излеземе вечер. Така најпрво отидовме во еден најпосетен и најмодерен бар, а потоа отидовме во диско, каде бевме почастени со македонска музика. Во хотелот се вративме во раните утрински часови, што значи дека спиевме само два часа.
Утрото со членовите и фолкористите од МКД Нирнберг тргнавме на пат за Хановер. Кога стигнавме во Хановер почнавме да се спремаме за настап на фестивалот. Покрај нас настапија уште 15 фолкорни секции. МКД "Илинден" - Лаатзен - Хановер беше организатор на фестивалот. Покрај македонските друштва беа присутни и босаннски, српски, шпански, турски и други друштва.
За време додека чекавме на ред за настап со големо внимание го очекувавме настапот на другите фолкористи, а посебно бев водушевена од настапот на нашите две друштва. Од нашите Македончиња, кои се родени во Германија, бев посебно изненадена - тие од се срце играа и пееа македонски песни и ора.



А потоа бевме ние на ред. Одигравме два сплета, заслуживме голем и долг аплауз. Од една во друга вечер бев се повеке изненадена. Им се восхитував на нашите врсници кои многу убаво зборуваа македонски. Ја зачувале македонската култура, играта и песната. Посебно бев водушевена од едно младо момче кое од се срце и понос ја запес песната "Една мисла имаме" и заслужи аплаузи од сите присутни во салата.
По завршувањето на фестивалот следуваше македонска музика. Повеќе гости заедно со фолкористите беа на бината каде се веселевме, пеевме и игравме македонски ора и песни се до три часот наутро. Кога се вративме од Нирнберг, тешко се разделивме од нашите нови македонски пријатели, уверени за наши повторни средби. А потоа се вративме во Крањ .

*ПОДГОТВИЛА: НАТАША ПОСТОЛОВА*

ВЕРАТА НАША РИСЈАНСКА

*житие*

# СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА

Света маченица Злата Мегленска станала симбол на отпорот против турскиот поробувачи пример за одбрана на христијанската вера. Била една од трите ќерки на еден селанец од селото Слатино. Кога подраснала била мнгу убава, поради што била забележана од синот на селскиот агалар, познат зулумќар и силеѓија. Тој намислил да ја земе иеднаш кога таа во блиската шума собирала трески за печене леб, со група пријателии ја одвел во својот дом. Се обидел од почетокот со убаво да ја убеди да ја смени верата и да стане негова анама ветувајќи богатство и раскош. Но Злата сето тоа го одбила, велејќи дека е решена побргу да умре отколку да си ја мени верата. И кога со ништо не успеал да ја придобие, ја предал на лош ѓелати да ја измачуваат. Злата Магленска била подложена на најжестоки измачувања. Ја тепале со камшик, ја обесиле на дрво со главата надолу, и ја дереле кожата, а потоа врзана за врат со ортома ја шетале низ селата за да ги заплашуваат христијаните. И кога сите тие тортури и не успеале да ја скршат и да ја придобијат, ја исекле со меч на 13.10 (с.с) 1795 година. Деловите од нејзиното тело ѓелатите го фрлиле во реката Мегленица, а подоцна овчарите ги најдоа во еден вир ги собрале и ги однеле во домот на нејзините родители по што биле погребани по сите христијански обичаи.




Набргу по нејзината смрт населението ја сметало за светица и затоа били посветени некои свети дрва во близина на селото. Житието на Света Злата Мегленска го напишал старогорскиот калуѓер Никодим во 1779 година.

*А.П.*

ВЕРСКИ ПОУК

# ПОСТОТ КАКО УСЛОВ НА НАШЕТО ПОСТОЕЊЕ




Македонската православна црква има неколку пости, од кои главни се велигденскиот, божикниот, богородичниот, петровденскиот и редовните пости во среда и петок. Потоа тука се и строгите еднодневни пости за Крстовден и Свети Јован.

Што претставува постот за православните христијани? Пред се воздржување од изобилна храна и од сите грешни телесни задоволства, наслади и уживања. Со тоа верникот го челичи својот дух. Со постот го скротуваме нашето тело и го починуваме на духот. Уште во рајската градина Господ му заповедал на Адем. “Од секое дрво”

во градината можеш да јадеш, освен од дрвото за познавање на доброто и злото”. Столбовите на старозаветните пророци, Мојсеја и Илија, кога говореле со Бога, колку што било дозволено, или кога требало да извршат некое свето дело, прибегнувале кон пост. И Господ Исус Христос пред да ја одпочне својата јавна проповед и пред да биде искушуван, постел 40 дена. За потребите од постот Свети Јован Златоуст вели: “Ако постот им беше потребен на луѓето во рајот, многу повеќе е потребен надвор од рајот.” Заради прекршувањето на заповедта за постот, луѓето се изгонети од рајот. “Треба да постиме за да се вратиме повторно во него”, вели Свети Василиј Велики. Потребата од постот им е потребна и на денешните верници. Треба да се знае дека постои телесен и духовен пост. Телесен пост е кога се воздржуваме од мрсна храна и алкохолни пијалоци, а духовен е кога душата се воздржува од лоши мисли, зборови, дела...

Телесниот пост ги умртвува нашите страсти, а без духовниот пост би бил ништожен телесниот пост. Многумина постат со телото а не со душата. Многумина се воздржуваат од храна, но не и од лоши мисли. Каква полза имаат од тоа? Правилен и вистински пост е воздржување од секое зло. Ако сакаме постот да ни биде полезен, треба да постиме и телесно и духовно.

А како треба да се однесуваат болните верници? Тие добиваат разрешување од нивниот духовник, според канонските закони. Можат да постат во ублажена форма, употребувајќи масло или со скусување на посните денови. А останатите кои исто така се разрешени од свештеникот, постат онолку денови колку тој ќе им препише. Ова се однесува на верниците кои имаат специфични здраствени оправдувања кои се во состав на постот.

Причест се прави откако верникот ќе се исповеда. Ова е најважен чин пред да се подготви верникот да прими причесна.

*А.П.*

# КАКО ДА СЕ ОДНЕСУВАМЕ ВО БОЖЈИОТ ХРАМ

При влегувањето на средина, наспроти царските двери, правиме три поклони со овие молитви: "Боже, очисти ме грешниот и помилуј ме!" "Боже, Ти, Кој ме создал, помилувај ме!"



Бескрајно згрешив, Господи, прости ми! По поклоните ги целиваме иконите што се на аналоите (не на иконостасот) и застануваме спокојно и скромно на своето место. Ако го сакаме храмот, во него ќе дојдеме на почетокот на богослужбата. Но, ако се случи од оправдани причини да задоцниме, требе да влеземе внимателно без да им пречиме на оние што се молат. Ако се случи да влеземе за време на читањето на Евангелието, или на Канонот на Евхаристијата на св. Димитриј, застануваме назад. Ако во храмот сретнеме познати ги поздравуваме правејќи мал наклон кон нив, не говорејќи ништо, а ако веќе некому треба нешто значајно да му се рече, тоа се прави со шепот.

Можеме ли да седиме во храмот? По традиција, православните во храмот стојат исправени. Тоа го бара молитвата, тој разговор на душата со Свештеникот. Светата Црква е снисходлива кон старите, болните и немошните, но, во сите случаи оние што седат треба да се однесуват стегнато, а не опуштено и небрижно. Вниманието треба да ни биде насочено кон богослужбата и нејзината содржина и од срце да се молиме. Родители што доаѓат во храмот со своите, треба да внимават децата да им се однесуват скромно молитвено, а ако е неопходно да излезат, тоа да го направат безшумно, откако ќе се прекрстат. Родителите не треба да им дозволуват на децата да јадат нешто освен нафора и петолебије. Ако во храмот се расплаче дете, мајката требе да го изнесе надвор, се додека не се смири. Молитвата во храмот треба да ни биде горешта и искрена. Следејќи ја богослужбата, треба да внимаваме на се што се пее и чита, така што молитвите да ни излегуваат од длабочината на срцето. Знак за неуважување на светоста кон храмот и голем грев пред Бога е напуштањето на храмот пред завршување на богослужбата. Според древниот обичај, мажите треба да стојат од десната а жените од левата страна на храмот. Преминот од главната западна врата до дверите треба да е слободен. На мажите им прилега да влегуваат во храмот гологлави, а жените со покриени глави, ненашминкани и ненацрвени, пристојно облечени со понови облеки. Свети Апостол Павле вели: "Секоја жена, која се моли гологлава, ја срамоти главата (мажот) своја. На православните христијани кои имаат искрена и длабока вера, не им е допуштено да влегуваат во храмот непристојно облечени и со нацрвени усни.

*А.П.* *Митрополит Петар*

# Божик 7. 1. 1999 во Крањ



Македонските православни верници од цела Словенија се собраа на 7. 1. 1999 г. во Крањ во 9.30 и 17.00 часот на Божикна литургија со отецот Душко Продански од Македонија во црквата св. Марија Роженвенска. На утринската и вечерната литургија беа присутни многу малку верници па зато црковниот одбор се прашува дали е воопшто потребно да се трудиме и трошиме околу доаѓњето на свештеник од Македонија кој два дена мрзнеше на Скопскиот аеродром за да дојде и да ги на наш мајчин јазик чуеме молитвите за Христовото раѓање во човечко тело, и така докажувајќи дека и ние можеме да живееме христијански, односно да ги преземеме сите наши гревови и да ни се суди кога ќе дојде судниот ден. Драги македонски православни верници, ако смеам така да ве наречам, не е ли време и ние да се вратиме во црквата, во верата? Погледнете околу себе па ќе видите како работат Словенците, Хрватите, Србите - па ако сакате - и Муслиманите кои имаат во секој поголем град свои божји храмови. А ние - и кога имаме прилика - од не знам кои причини остануваме дома или одиме во српската црква и со тоа потврдуваме дека сме тоа за што и они не имаат. А кога сум веќе кај тоа - ве прашувам вас кои одите во српската православна црква, кога и како го прославивте Св. Сава, заштитникот на нивната црква. Тоа е и одговор на сите кои тврдите дека сме една вера А што е Св. Климент Охридски? Зар не е тој заштитник на нашата црква која е повеќе од двестаипедесет години постара од нивната а сега за нив не постоиме, односно не не признават. Човек може да го промени надворешниот лик, да си ја продаде душата, од себе да направи нечовек и многу други слични работи. Само он некаде длабоко во себе ќе има скриено некои клици кои ќе исклијат и ќе му речат: тоа си што си се родил и тоа ќе останеш.

Сите кои бевте за Божик сигурно ве занима што за Велигден. Во истата црква на 11. 4. 1999 г. во Крањ ќе се одржи утринската литургија, а преговараме вечерна лутургија да имаме во Изола. Црковниот одбор во Крањ за Велигден ќе продава крпи и се што сте вие, драги верници, до сега подариле на црквата. Висината на вашите прилози ќе си ги поставите сами. Старите луѓе велат дека се што ќе се купи од црква е лековито.

*Атанас Продански*

# ТРАДИЦИОНАЛНО ПРОСЛАВЕНА "СТАРА НОВА ГОДИНА - ВАСИЛИЦА"

И годинава традиционално - по шести пат - во Крањ беше прославена "Василица" еден од поголемите христијански празници, во организација на МКД "Св.Кирил и Методиј" од Крањ. Централната прослава се одржа во мензата на "Искра Тел" на Лаборе со мала кулутрно-уметничка програма. Навистина на 16.1.1999 година салата беше премала да ги збере сите нашинци кои живеат во Р. Словенија. Од година до година оваа прослава зазема се поголем и поголем замав и поголем интерес од сите наши сонародници, а тоа го покажа и оваа година. Присутни беа околу петсто гости и пријатели од Словенија и Австрија. Присутни гости ги забавуваше дувачкиот оркестар "Малешевски мелос" од Берово Р. Македонија и пеачката Славка Младеноска од Скопје. Прославата започна со поздрав од претседателот до сите гости и им ги честита Божикните и Новогодишните празници. Потоа им се заблагодари на спонзорите и ја најави богатата лотарија што беше проследена со маку хумор од учениците кои ја посетуваат дополнителната настава по македонски јазик. На прославата беа присутни и некои званични гости како: д-р Димитар Мирчев - амбасадор на Р. Македонија во Р. Словенија што на сите присутни им пожели добро расположение и им ги честита Божикните и Новогодишните празници, секретарот на ЗКО Крањ - г. Јанко Ержен, претседателот на МПЦ Св. Климент Охридски, д-р Драги Стефанија, претседателот на Македонската заедница - г. Наум Таштановски, преседателот на МКД Македонија - г. Благоја Настески, г-ѓа Иванка Ристова Буковец - претседателката на МКД Ватрослав Облак Цеље. Прославата беше снимена од Македонската телевизија и беше емитирана во Македонија со програма од четириесетипет минути. Исто така беше присатна екипата на ТВ КРАЊ, која следната вечер ја проследи приредбата на вестите. Членовите на управниот одбор, надзорниот орган и дисциплинската комисија покажаа и докажаа дека секоја работна задача ја прифаќаат чесно и домаќински. Затоа можам да речам само благодарам ви и Бог здравје да ви даде. Самата приредба ја исполни својата цел - да се собереме, провеселиме и да се осеќаме исто како да сме во Македонија, а воедно да ги собереме младите македонски деца да се запознаат меѓусебно и да ги научат македонските песни и ора. Таква пријатна и весела вечер може да направи само Македончето и тоа било каде да е во светот. Затоа во името на сите членови кои работевме, на сите гости ви се заблагодарувм за посетата и ви ветувам дека догодина ќе доведеме поубава музика и - ако имавме некоја грешка - и тоа ќе исправиме.

*АТАНАС ПРОДАНСКИ*



# ИНТЕРВЈУ СО ГОСПОДИН ГЛИГОР КАЛИНСКИ - ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МКД “Св. КИРИЛ и МЕТОДИЈ” од Крањ



**Г. Калински, Ве замолувам да ни кажете нешто за вашиот роден крај и за вашето живеење во Македонија?**

Роден сум во Гевгелија 1929 г., каде и го поминав мојето рано детинство се до завршувањето на мојото основното образување. Со запишување на средното текстилно училиште во Скопје, се одделив од родниот крај во 1949 г. По завршувањето на средното училиште во 1952 г., веднаш заминав на одслужување на војниот рок во тогашната ЈНА, по што се вратив во Гевгелија, но само за кратко. Бидеј• и во тоа време имаше доста голема потреба на кадри по мојта струка, како текстилни техничар, веднаш добив работа во “Македонка” од Штип, која тогаш беше најголемиот текстилниот комбинат во Македонија. По кратко време ме испратија на специализација во Словенија, така се најдов во фабричките хали на “Интекс” во Крањ, во 1953 г. Тука ја запознав со мојта идна супруга. Доспецијализацијата на моето подрачје, белење, апретирање, печатење ја завршив во Швајцарија. По завршивањето на специјализацијата се вратив во Штип, каде останав осум години. Подоцна се вработив во фабриката за текстил “Киро Фетак” од Куманово. Но тука сеуште не завршив со селењето, бидеј• и четири години подоцна се преселивме во Крива Паланка, каде се вработив во фабриката за декоративни ткаенини, Карпош. Тука останавме цели дванаесет години, така да конечно во 1978 г. се преселивме во Словенија. Тука се вработив во БПТ, Бомбажна предилница ин ткалница,Тржич.

**Г. Калински, каков беше почетокот кога се преселивте во Словенија во ново место, нов дом, нова средба и пријатели?**

Секако, преселувањето во Крањ на самиот почеток беше причина за започнување на нов живот на некој начин, бидеј• и сите долгогодишни пријатели останаа во Македонија, така од таа гледна точка, беше потребно некои работи да се почнат од почеток. На почетокот носталгијата кон Македонија беше доста силна, но со текот на времето, кругот на нови пријатели стануваше се поширок и не помина многу време кога животот повторно почна да тече со нормален темпо. Ме´утоа, секако морам да признаам, дека носталгијата за мојот роден крај • е остане за секогаш и затоа секоја година на по неколку пати со радост се вра• ам, ги посетувам своите стари пријатели и роднини.

Секако со формирањето на МКД друштва во Словенија, кругот на моите пријатели се зголеми уште пове• е и немам причина да се жалам.

**Г. Калински, што најповеќе Ве обврза да останете во Словенија?**

Тоа е доста комплексно прашање, бидејки за нешто такво никогаш нема само еден одговор. Секако на прво место беше мојта фамилија, децата тука ги завршија студудиите, се вработија, си основаа свои фамилији и внуците и бнучките ми го прават најголемото задоволство во овој момент. Од друга страна тука ги исполнив своите амбиции на подрачијето на мојата работа, стручност и успешната работа, како моја така и на мојата супруга ме стимулираше во мислењето, дека правилно се одлучивме. Кругот на пријатели и соработници денес е голем, со нив се чуствувам пријатно и на крајот, заедно со децата основавме своја сопствена фирма, која мошне успешно работи на своето подрачие, иако морам да спомнам, дека мојата струка нема врска со дејноста на фирмата. Секако, моите успеси како

на подрачјето на мојата работа или во воспитувањето на мојите деца немаше да бидат така изразени, доколку со мојта супруга немавме така изграден однос, доколку таа практичну не ги читаше моите мисли. Инаку иако сопругата, како што спомнав е Словенка, со 20-годишно живење во Македонија се стекна со одлично познавање на Македонскиот јазик, кој го владее како втор мајчин јазик.

**Г. Калински, каква е денес вашата комуникација со нашите сонародници који живеаат во Словенија?**
Моите комуникациии со нашите сонародници беа активни уште во времето кога бев вработен во Тржич, формирањето на МКД така во Крањ, како и во другите градови на Словенија, денес се уште поцврсти и тоа навистина ми причинува големо задволство.

**Вие г. Калински бевте и први претседател на "МКД Св. Кирил и Методиј "од Крањ, каков беше почетокот и кои беа вашите активности кога бевте прв претседател на друштвото?**
Со располагањето на поранешната СФРЈ, одеднаш сите ние,кои работевме и живеевме широм по целата тогашна држава одеднаш се најдовме во улога на странци па така и ние, Македонците во Словенија. Меѓутоа, врските и односите што ги имавме од порано причиниа, таа транзициа да ја прифатиме полесно, а со тоа распаѓање дојде и до поголема потреба за нашето зближување и организирање, со цел да го сочуваме нашиот национален идентитет.
Така, најпрво го формиравме иницијативнијот одбор, кој подоцна премина во МКД, за чиј претседател бев избран јас.Веднаш почнав со активна работа на тоа подрачје, преку изработката на статутот и годишната програма на работа па се до извршувањето на задачите, који си ги поставивме . Како што е секој почеток тежок, одпрво се соочивме со поголеми или помали проблеми, који успеавме да ги надминеме со тек на времето.
Во склопот на друштвото меѓу првите формиравме и различни секции, кои и денес успешно ја продолжуваат работата, која тогаш си ја зацртавме, со што допринесовме денес нашето друштво да ужива голем углед на секаде по Словенија. Заради тоа и ден денес мошне ме радува и ме исполнува со гордост дека друштвото успешно работи на база на нашите почетоци, кои не беа лесни.

**Г. Калински, како денес ја гледате работата на друштвото?**
Од моја гледна точка, сметам дека друштвото работи мошне успешно, што може да се докаже со резултатите на работата кои се поголеми од година на година. Се надевам, дека така ќе продолжи, што му пожелувам од се срце.

**Г. Калински, што им порачувате на членовите на МКД и на нашите сонародници?**
Ја користам оваа прилика, да апелирам на сите наши сонародници и сонароднички, да земат активноучество во работата на МКД, со што друштвото ќе може да продолжи со уште поуспешна работа. Нашето друштво ќе живее секугаш но само доколку и ние живееме со него.

**И на крајот Би ве замолил г. Калински, какви совети испраќате до нашите најмлади?**
Знаете, кога лу́ето живеат далеку од својот роден крај, работат, формираат своји фамилии, со текот на времето доаѓа до незабележителна но конечна асимилација во околината каде се наоѓаат. Единствена гаранција дека тоа нема да се случи е, да се бориме за тоа, да не се заборави мајчиниот јазик и националната историја и култура. Затоа апелирам на сите родители да ги пратат своите деца на учене на македонскиот јазик, да им даваат подршка во тоа со што ќе можеме да сме без грижи за зачувувањето на нашиот национален дух и идентитет. Не е доволно со зборови да се изкажеме "ние сме Македонци, затоа мора нешто и да направиме".

**Г. Калински, Ви благодарам за вашите исцрпни одговори.**

*Интервјуто го водеше г. Зеќирија Шаиноски*

# ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

Долго време размислував што би можела да напишам за "Наше сонце" а да биде интересно како за тие што ги привлекува богатата ризница на македонскиот фолклор како и за тие што тоа не им е толку интересно. Одлучив дека описот на програмата на фолклорна секција на МКД "Св. Кирил и Методиј" од Крањ би бил примерен состав. Затоа во овој број на "Нашето сонце" ќе се обидам да ви го претставам сплетот кој г. Џевад Абаз како прв од многуте сплетови го поставил со нашата фолклорна секција а тоа е сплетот "Источна Македонија".

На почеток како вовед да наведам следното: "Македонските ора првпат се претставени на светската јавност кон крајот на триесеттите години, преку настапите на селските играорци, на нивните турнеи надвор од Југославија. Во периодот непосредно по Втората светска војна, новоорганизираните културно-уметнички друштва (КУД) подготвуваа драмски, музички и фолкорни претстави, со кои настапуваа на турнеите низ Југославија и во источните земји. Во почетокот на 1950 година професионалниот фолклорен ансамбл на Македонија "Танец" даде осебен придонес во презентирањето и популаризацијата на македонските ора во земјата и во странство. Овој процес продолжува и до денес преку професионалните и аматерските ансамбли. Покрај концертите приредувани непосредно по војната, голем придонес во популаризацијата на македонските ора даде и изучувањето на македонскиот фолкор од играорци не-Македонци во странство." (Елзи Иванчиќ Дунин, Станимир Вишински: Ората во Македонија, Скопје, 1995, стр. 25)

Кореографијата на сплетот на игри и песни од Источна Македонија - популарно наречен "Источна Македонија" - ја има направено Станимир Вишински во 1960 година кога бил инструктор во КУД "Орце Николов". Г. Вишиниски направи значајни промени: внесени се стапки што дотогаш ретко се користеле во македонските ора на цената, а темпото е забразано до максимум. Неговата верзија е пренесена во многу КУД-ови и уште денес може да се забележи во многу групи што ја играат "Источна Македонија".

МКд "Св. Кирил и Методиј" сплетот "Источна Македонија" го претставува на публиката во следен распоред:
Јано, Јанке, кумановке;
Копачка;
двојче;
Ој девојче лично бело;
Единаеска;
димна Јуда;
7. (Шопска) Петорка.





## МОЈАТА ЗЕМЈА

Земјата наша е цвет ЖЕЛБА
Малечка сум уште
желба имам јака
лекар јас да станам
бескрајно би сакала.
Да ги лекувам луѓето
по целиот свет
среќни да бидат тие
на овој бели свет.
Многу јас ќе учам,
имајте ми верба
лекар да сум учена
е мојата желба

*Зорица Ристовска*
*ученичка - 2.а одд.*

## СЛОБОДА

Слободата што ја грее,
а ние сме пеперутки в лет-
на цветот што се смее.
Во нашата убава земја
владее слога и мир,
златното сонсе грее-
над небесен шир.
Со тебе земјо
весели сме ние
секој живее среќно
и спокојно спие.

*Даниел Ефремоv*

## МОИТЕ ЖЕЛБИ

Имам три желби
секој што ги сака.
Без да крене рака.
Сакам мир да има
в лето и зима!
Слобода да цвета,
во детските лета,
да нема гладни и боси-
среќта да не грее!

*Сузана Ристовска*









## БЕЛАТА ТКАЈАЧКА

Зимата е зима
- ткајачака бела.
Во свилен фустан
облечена е цела.
Покрива таа долини
и патишта со снег,
децата се санкаат,
по стрмниот брег.

*Драгана Ефремова*

## ПИШЕТЕ МИ....

Сакам да се допишувам,
со секое дете- да!
Живеам во Крањ,
а учам во четврто -а
Ако ми пишиш, ќе ти пишам
редовно ќе се допишуваме,
а можеме и цел живот-
сложно да другаруваме!

*Сандра Симовска*

## МОЈАТА ДРУГАРКА

Имам една другарка
што се вика Тина,
ох, само да знаете
колку е таа фина.
Двете водиме дневник
со спомени разни,
а игрите со Тина
никогаш не се празни.
Ние сме две другрки,
две другарки вредни,
сите нам ни велат:
"Ах, колку сте вредни!"

*Маја Атанасова*

## МАЈКА

Нејзиниот поглед блика,
како сонцето што грее,
има мила , најлична лика-
над мене будно бдее...
Мајка - најубав збор,
како бајка, како цвет,
а мајка ми е најубава -
во целиот свет

*Катерина Герасимова*





## МОЈАТА МАЈКА

Мојата Мајка
Рада се вика
во срцето мое
таа стално блика.
Таа е мила
со насмевка блага,
со нежност до нас
како права Мајка.

*Сузана Ристовска*
*ученичка – 5. одд.*

## ЗИМА

Во раното утро ече верева
на нозе се дете крева.
Дојде кај нас и првиот снег,
покрил полја , покрил брег.
Надвор деца санки влечат,
цел ден џагор песни ечат
снегот убав, памук мек
радост е наша првиот снег.
Облаци снежни, а децата смели
тие се смели како снегулки бели.

*Катица Атанасоva*











agroTIME
EXPORT IMPORT
Ljubljana

PETRA GEORGIEVSKA
*direktor*

*cesta dveh cesarjev 389*
*61000 ljubljana*
*tel./fax: +386 61/ 273 625*



ГЛАВНИ СПОНЗОРИ:

САВА д.д. КРАЊ
ИСКРАТЕЛ д.о.о. КРАЊ
АВИОИМПЕКС ЉУБЉАНА
МАКЕДОНИЈА ТАБАК д.о.о. ЉУБЉАНА
НОВАТЕКС д.о.о. ЉУБЉАНА
РОЛЕТУРС СКОПЈЕ

СПОНЗОРИ:

ЗЕБРА д.о.о КРАЊ
ВИНОЈУГ д.о.о. ШЕНЧУР
КОРАДО д.о.о. КРАЊ
АЛМАКО д.о.о. ЉУБЉАНА
АГРОТИМЕ д.о.о. ЉУБЉАНА